Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# Опис на работни задачи за надворешна експертиза за промоција на менталното здравје на младите во општина Битола

Во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите" финансиран од Цивика мобилитас, организацијата Про Локал од Битола ги поканува сите заинтересирани правни лица да доставаат потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна експертиза за промоција на менталното здравје на младите во општина Битола.

**А. Основни податоци**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Партнери на проектот:**

- ЕМПАУРИНГ Крушево
- УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
- ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС с.Дебриште
- ВОЛВОКС – Битола
- ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола
- МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп
- ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен
- ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар

**Главна цел на проектот:**

Проектот „Младински политики по мерка на младите" има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

Во рамки на проектот, младите во Битола имаа можност да ги идентификуваат своите приоритети преку прашалник кој беше дистрибуиран кај средношколци, студенти и млади вклучени во различни иницијативи. Меѓу највисоко рангираните приоритети се издвојува прашањето за менталното здравје и предизвиците со кои младите се соочуваат.

Младите укажаа на сè поголемата потреба од поддршка и простор за отворен разговор со стручни лица за теми поврзани со менталната благосостојба. Како одговор на оваа потреба, од страна на стручно лице се разви структурирана шестмесечна програма која има за цел да ја зголеми свесноста, да поттикне разбирање и конструктивни разменувања меѓу младите и стручните лица во Општина Битола.

**Финансиски поддржан** од страна на Швајцарската Агенција за развој и соработка во рамки на програмата Цивика Мобилитас, која ја спроведуваат Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

**Времетраење на проектот:** од 01.12.2023 до 31.05.2026

**Б. Опис на ангжманот:**

Реализација на сеопфатна шестмесечна програма за подигање на свеста за менталното здравје кај младите во општина Битола. Програмата е изготвена од стручно лице и ги комбинира атрактивните и младински пријателски активности со структурирани сесии за размена на знаења и искуства со психолози и едукатори.

Програмата за промоција на менталното здравје на младите во општина Битола е детално разработена за секој месец поединечно и е составен дел од оваа јавна набавка. Истата можете да ја разгледате во Прилог 1 - Програма за промоција на менталното здравје на младите во општина Битола за периодот септември 2025 – февруари 2026

- Структура на настаните во период од септември 2025 до февруари 2026

- Настани 1–4 (Младински настани), по еден настан месечно, секој составен од две целини:

  - Забавна и ангажирачка активност (игри, креативни изведби, спортски или интерактивни активности).
  - Едукативен дел воден од психолози, преку работилница, дебата или интерактивна размена за теми од менталното здравје.
  - На секој настан треба да учествуваат најмалку 30 млади.

- Настан 5 (Професионална тркалезна маса):

  - Тркалезна маса со психолози, педагог/психолог од средните училишта и други стручни лица.
  - Фокус: предизвици со кои се соочуваат во поддршката на младите и можни институционални решенија.

- Настан 6 (Завршна конференција):

  - Јавен завршен настан за презентација на резултатите, разменети искуства и препораки.
  - Вклучување на млади, стручни лица, институции и медиуми.

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Минимум 3 години искуство во едукација/психологија
- Соработка со граѓански организации

**Специфични квалификации:**

- Најмалку 2 реализирани проекти поврзани со млади
- Да има спроведено најмалку 1 Договор, со вредност не помала од вредноста на оваа набавка во областа поврзана со предметот на набавка, не постар од 3 години
- Најмалку 1 психолог, (вработен или ангажиран со Договор за дело)

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на договорот:**

Договорот ќе трае 6 месеци (септември 2025– февруари 2026).

Настаните ќе се реализираат месечно според планот (Прилог 1 - Програма за промоција на менталното здравје на младите во општина Битола за периодот септември 2025 – февруари 2026).

**Вредност на набавката (не повеќе од):** 150 000 денари, бруто износ

**Д. Заинтересираните компании треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат
- ДРД образец
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации
- Портфолио на реализирани проекти
- Биогрфија за предложениот психолог
- Изјава за достапност на психологот  во периодот за реализација
- Финансиска понуда

**Про Локал го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

Пријавените компании ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врз основа на доставените документи наведени во делот Г со кои се докажува исполнувањето на условите за пријавување наведени во Делот Д.

Наведените услови за пријавување се исклучувачки критериуми и претходат на квалитативната евалуација на Портфолиото на реализирани проекти: недоволно добро, добро и одлично. Во случај на исто рангирани понуди изборот ќе се направи врз најниската финансиска понуда.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: coordinator@prolocal.mk и cso.prolocal@gmail.com

**Краен рок за пријавување:** 22.09.2025, 16:00 часот

Битола,
15.09.2025